Парцелираното градежно земјиште односно градежните парцели се дефинирани така што нивните граници се совпаѓаат со границите на катастарските парцели (освен во деловите каде што согласно важечките стандарди и нормативи за урбанистичко планирање нема услови за формирање на градежна парцела). Кон површината за општа употреба извршено е усогласување до совпаѓање со регулационата линија на планираните коридори на сообраќајниците.

Градежните парцели се нумерирани со двочлена номенклатура така што првиот број го означува бројот на блокот, а вториот број ја означува градежната парцела. На пример, ознаката 1.3 значи: Блок 1, парцела 3.

Во графичкиот приказ на планската документација, прикажани се (графички и нумерички) следните податоци:

- број на градежна парцела;
- граница и површина на градежна парцела ($м^2$);
- граница и површина во која може да се гради ($м^2$);
- максимален процент на изграденост на земјиштето (%);

- вкупна површина по катови ($м^2$);
- максимален коефициент на искористеност на земјиштето (к);
- основна и компатибилна класа на намена на земјиштето и градбите;
- максимална висина на венец (м');
- максимален број на катови;

Максималната висина на венецот е планирана во однос на тротоарот од планираната улица, односно, заштитниот тротоар на градбите, земен како нулта кота.

Планираната висина на градбите треба да биде пресметана со следните висини:
- кота на тротоар (нулта кота): ± 0.00 м;
- кота на прво ниво (нулта плоча) во однос на тротоар:
  - за домување: 1,20 м;
  - за деловен простор: мин.0,15;
- катна висина за домување: мин. 3,00м.;
- катна висина за деловна дејност: мин. 3,40;
- катна висина за друга намена: ќе се дефинира со проектна програма за градбите.

Планираната катност на градбите со намена А1-домување во станбени куќи е П+1 (приземје и еден кат).
Во градежните парцели наменети за домување (**А1**), дефинирана е површина за градење во која може да се гради една или повеќе градби што е условено од просторните можности за организација и уредување на стопански двор.

ПЛАНСКИ КОНЦЕПТ НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

6.1. Сообраќајна инфраструктура

Сообраќаен план

Планираната улична мрежа во планскиот опфат е поставена врз база на планската документација од повисоко ниво, состојбата на терен, изведената комунална супраструктура (постоечки улици, изведена хидротехничка и електро-енергетска инфраструктура) како и актуелната законска и подзаконска регулатива.

Сообраќајната инфраструктура во локалитетот ја сочинуваат следните категории на улици:

ПРИМАРНА СООБРАЌАЈНА МРЕЖА:

- магистрална улица (регионален пат Р1102):
Магистрална улица 1 со попречен профил од 10м (1.5м тротоар+7м коловоз+1.5м тротоар)

и,

СЕКУНДАРНА СООБРАЌАЈНА МРЕЖА:

- сервисни улици:
Новопланирана улица 1, 2, 3, 4, 5, 6 со попречен профил од 9 м(1.5м тротоар+6м коловоз+1.5м тротоар)

- индустриски улици:
Новопланирана улица 7, 11, 12, 13, 27, 28 со попречен профил од 10 м(1.5м тротоар+7м коловоз+1.5м тротоар)

- станбени улици:
Новопланирана улица 8, 9, 10, 17, 18, 20 со попречен профил од 9 м(1.5м тротоар+6м коловоз+1.5м тротоар)
Новопланирана 14, 15, 16, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25 со попречен профил од 8.5 м(1.5м тротоар+5.5м коловоз+1.5м тротоар)
Новопланирана улица 16 со попречен профил од 10 м(3м тротоар+5,5м коловоз+1.5м тротоар)

- пристапни улици:
Новопланирана 26, 31, 32, 33, 34, 35, 36, 37, 38, 39, 40, 41, 42, 43, 44 со попречен профил од 5.5 м
Новопланирана 29, 30 со попречен профил од 7 м

-пешачки улици:
со попречен профил 4 м

Стационарен сообраќај

Стационарниот сообраќај односно паркирањето на моторните возила во рамките на планскиот опфат е планирано согласно:
• дефинираната намена на земјиштето; и
• нормативните акти - член 59 и член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.63/12, 126/12, 19/13

За градежните парцели со дефинирана намена, паркирањето е предвидено да се реши во рамките на секоја градежна парцела поодделно, надземно или подземно.

Широчината, надолжните наклони и радиусите на хоризонталните кривини на рампите за планираните подземни паркинзи да се утврдат во согласност со нормативите од член 60 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.63/12, 126/12, 19/13, 95/13)

Бројот на потребни паркинг места зависи и од изборот на компатибилните намени во градежната парцела кои треба да се земат во предвид при изработка на проектната документација за градбите, врз основа на која се издава одобрение за градење.
Основен услов за изградба на планираната површина за градење, максимална висина и катност е обезбедување на потребниот број на паркинг места.

Нивелациски план

Како составен дел на деталниот урбанистички план е изработен Нивелациски план на планираните сообраќајници. Со нивелацискиот план се дефинирани висински коти и координати на осовински точки како и надолжен нагиб на нивелетата.

6.2.Хидротехничка инфраструктура

Планираната хидротехничка инфраструктура во Урбанистички план за село Прдејци, Општина Гевгелија е планирана врз основа на следните податоци и подлоги:

- Податоци добиени од ЈП „Комуналец" - Гевгелија за постоечката хидро-техничка инфраструктура во локалитетот;
- Сообраќајно и нивелациско решение на планираната сообраќајна мрежа; и
- Актуелните прописи за проектирање на инфраструктурни објекти од овој вид.

Билансни показатели:

вкупна површина на опфат		**71,45**	**ха**

1 Водоснабдување

Потребни количини на санитарна вода за водоснабдување од домување

Предводен број на жители	N=	700	
Водоснабдителна норма	Qo=	150	л/ден/жител
Коефициент на дневна нерамномерност	K1=	1.5	
Коефициент на дневна нерамномерност	K2=	1.3	

Qср/ден=N*Qo	=	105,000.00	л/ден
q ср/ден=Qср/ден / 86400	=	1.22	л/сек
Qмах/ден= Qср/ден * k1	=	157,500.00	л/ден
q мах/ден=Qмах/ден / 86400	=	1.82	л/сек
Qмах/час= Qмах/ден * k2/24	=	8,531.25	л/час
q мах/час=Qмах/час / 3600	=	2.37	л/сек

Потребни количини на санитарна вода за образование

Предводен број на ученици	N=	85	

Водоснабдителна норма	Qo=	15	л/ден/уч
Коефициент на нерамномерност	K=	2.5	
Време за водоснабдување		6	часа
Qмах/ден=N*Qo	=	1,275.00	л/ден/враб.
Qмах/час= Qмах/ден * k	=	3,187.50	л/час/враб.
За 6 часа			
Qмах/час= Qмах/час/6	=	531.25	л/час
q мах/ден	=	0.15	л/сек

Потребни количини на санитарна вода за водоснабдување од вработени

Предводен број на вработени	N=	100	
Водоснабдителна норма	Qo=	25	л/ден/враб.
Коефициент на нерамномерност	K=	2	
Време за водоснабдување		6	часа
Qмах/ден=N*Qo	=	2,500.00	л/ден/враб.
Qмах/час= Qмах/ден * k	=	5,000.00	л/час/враб.
За 6 часа			
Qмах/час= Qмах/час/6	=	833.33	л/час
q мах/ден	=	0.23	л/сек

Водоснабдување за лесна индустрија

парцела (Ф1)	17.6962	ха
површина за градење (Ф2)	9.7409	ха
Водоснабдителна норма	200,000.00	л/ха/ден
Редуциран коефициент на нераввномерност Ф1/Ф2	1.82	
Qмах/ден=200000/24*3600	2.31	л/ха/сец
Qмах/час=200000/16*3600	3.47	л/ха/сец
Q ред. мах/ден2.31/1.82	1.27	л/ха/сец
Q ред. мах/час3.47/1.82	1.91	л/ха/сец
Q(индус)мах/ден=9.7409*1.27	12.41	л/сец
Q(индус)мах/час=9.7409*1.91	18.618	л/сец
Qмах/час/ВКУПНО	**21.37**	л/сек
За ПП вода потребно количество Qпож	15.00	л/сек

Се усвојува . Пресек за станбени улици од ф80, ф110 до ф150,

3 Фекална канализација

Количината на отпадни фекални води од дадениот опфат е 80% од макс. Часова зголемена за 20% инфилтрирани подземни води

qotp=qmax/cas x 0.80 x 1.20	=	20.51	л/сек

Усвоено само за станбени улици минимален пресек од ф250-ф300

4 Атмосферска канализација

Интензитет на врнежи qi	=	110.00	л/сек/ха
коефициент на истекување ψsr	=	0.30	л/сек/ха
q atm= F x qi x ψsr			
q atm= 71 x 110 x 0.3	=	2,343.00	л/сек/ха

Усвоен минимален пресек од ф300 по улици и вкупна до ф1200

Реализацијата на хидротехничката инфраструктура ке се одвива преку изработка на Идејни и Основни проекти, а врз основа на Хидротехнички услови добиени од ЈП Комуналец

Планираната комунална хидротехничка инфраструктура за Урбанистички план за село Прдејци, Општина Гевгелија, е презентирана во Планската документација на графички прилог бр.3: Инфраструктурен план.

Обврзувачки: Реализацијата на Урбанистички план за село Прдејци, Општина Гевгелија треба да се одвива преку изработка на Основни проекти, за чија изработка ќе бидат дадедни основни правци и податоци (хидротехнички услови) од надлежна институција - ЈП „Комуналец" - Гевгелија, планска документација за улична мрежа и конкретни податоци – геодетски снимања (мерења).

6.3.ЕНЕРГЕТИКА

6.3.1. Електро-енергетска инфраструктура

Врз база на добиените податоци и параметри за планскиот опфат на Урбанистички план за село Прдејци, Општина Гевгелија од надлежната институција - ЕВН Македонија, пристапено е кон анализа на потребни едновремени снаги.

Во рамки на планскиот опфат се планираат 11 нови градежни парцели за изградба на нови трафостаници во кои можат да се постават енергетски трансформатори од 630 kVA, а во планскиот опфат постојат четири трафостаници.

Во однос на среднонапонската 10kV и нисконапонската 1kV мрежа се планира да се изведе со кабловски врски, во коридорите на планираните улици каде што се предвидени траси за електроенергетска мрежа (прикажано на графички прилог бр.3 - Инфраструктурен план од планската документација). Деталите и развојот ќе бидат дефинирани во следна фаза, а во соработка со стручна служба на ЕВН Македонија.

Улично осветление

Според планскиот концепт на овој урбанистички план се предвидува изградба на нови сообраќајници па согласно со тоа ќе се третира и уличното осветлување. Уличната расвета ќе се реализира со реконструкција и адаптација на постојната мрежа за расвета со замена на столбните места и со поставување на нови расветни тела.

Осветлувањето на сообраќајниците ќе се решава со метал - халогени рефлектори и натриумови светилки поставени на метални столбни места со височина 10м и 4,5м.

Со изработка на основни проекти за осветлување на новопланираните сообраќајни површини, моќноста на новите светлосни тела ќе се дефинира со Основни проекти за расвета.

6.3.2. Телефонска мрежа и пратечки објекти

Според податоците добиени од Македонски Телеком АД за електронски комуникации - Скопје во границата на планскиот опфат има постојни подземни телефонски инсталации.

Развојот и димензионирањето на телефонската мрежа во иднина треба да се определи за деловен простор спрема бројот на вработени и површината на просторот. Телекомуникациските коридори за новата инфраструктура се планира да се реализираат во коридорите на сообраќајниците, односно на тротоарите и пристапните улици. Планираните траси се прикажани на графички прилог бр.3 Инфраструктурен план од планската документација и соодветно се означени во легенда.

Бројот и местоположбата на инфраструктурни објекти - собирно распределителни ормани со дефиниран манипулативен простор со димензии 1,0м х 0,5м - ќе бидат дефинирани согласно развојните потреби на мрежата, во коридорот на тротоарот или надвор од коридорот на тротоарот (во зависност од конкретната ситуација и услови на теренот), а во соработка со стручните служби на надлежните институции за електронски комуникации. Бројот на потребните линии ќе биде дефиниран во наредната фаза од планирање и истиот не е лимитирачки.

7. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Економското образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање за реализација на планското решение на Урбанистички план за село Прдејци, Општина Гевгелија, ги опфаќа сите трошоци за изработка на документацијата (изработка на УП, изработка на проекти за инфраструктура), уредување на градежното земјиште, инфраструктурните системи и партерното уредување.

Економското образложение произлегува од реалната состојба на теренот, планските одредби од Урбанистички план за село Прдејци, Општина Гевгелија.

Планската документација во рамките на планскиот опфат на овој УП предвидува:

• изградба на нови објекти за домување
• изградба на нови објекти за производство, дистрибуција и сервиси
• уредување на земјиште со заштитно зеленило со вкупна површина од 13.655м²;
• уредување на земјиште за постоечки трансформаторски станици лоцирани во посебни градежни парцели;
• изградба на 11 нови трансформаторски станици лоцирани во посебни градежни парцели;
• планирана изградба на нови телекомуникациски улични ормани со дефиниран манипулативен простор 1,0м х 0,5м разместени во планскиот опфат според развојната програма на телекомуникациската инфраструктура и супраструктура;
• уредување на земјиштето наменето за општа употреба, сообраќајни површини: магистрални, сервисни и индустриски улици
• изградба на примарната и секундарната мрежа од инфраструктурните системи (водовод, фекална канализација, атмосферска канализација, нисконапонска и средно-напонска електрична мрежа, телефонска мрежа,...).

Изградбата на градби од планираната намена, зголемувањето на коефициентот на искористеност на земјиштето и изградбата на планираната сообраќајна инфраструктура и комуналните инфраструктурни системи ќе овозможи добар квалитет на зоната за работа, односно, ќе обезбеди високи стандарди на урбанизираниот простор за сите корисници. Од ова произлегува и очекувано зголемување на интересот за изградба на објекти што значи и прилив на средства за надоместок за уредување на градежното земјиште односно комуналии за Општината.

Реализацијата на овој план ќе биде во согласност со Програмата и програмските активности, финансиските можности, приоритетите и потребите на Општина Гевгелија, како и интересот на потенцијалните инвеститори.

8. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Во доменот на заштитата на животната средина основната цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на животната средина се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку примена на современи стандарди и нормативи.

Локалитетот ќе се развива согласно современите урбанистички принципи, а поради карактерот на планираната намена проблемите на нарушување на квалитетот на животната средина не се очекува да бидат посебно изразени, но мора да бидат земени во предвид.

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување.

Покрај ова неопходно е да се оформи (каде што е можно) заштитно зеленило во простори со различен степен на чистота на работната средина, кои имаат значење од аспект на подобрување на микроклиматските влијанија.

Заштитата на квалитетот на атмосферата треба да се остварува преку следните мерки:

- интегрална контрола на загадувачите на атмосферата (меѓу кои и издувните гасови од моторните возила);
- примена на соодветни техничко - технолошки мерки;
- обезбедување услови за ефикасно природно проветрување и користење на доминантни воздушни струења;
- подигање и оформување (секаде каде што има услови) на заштитни зелени појаси покрај сообраќајници;
- уредување на зелени површини во рамките на градежната парцела и создавање (доколку е можно) на поврзан систем на зеленило во и надвор од планскиот опфат.

Заштитата на **водите** се регулира со комплекс законски прописи, а во овој плански документ соодветно место треба да најдат следните поставки:

- заштита на проточните и подземните води со обезбедување на соодветни техничко-технолошки зафати (изградба на канализациони системи, соодветен третман на отпадните води, пречистителни станици и сл.);
- доследно почитување на прописите кои се однесуваат на големината и одржувањето на санитарно - заштитните зони;
- неутрализација на штетните отпадни материи пред испуштање во канализационата мрежа и реципиентот;
- континуирано следење на квалитетот на водите.

Заштитата на водите се регулира со комплекс законски прописи за заштита на проточните и подземните води – Закон за водите (Сл.Весник на РМ бр.87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13). Со цел за остварување на поставката за планско и рационално користење на водите, се предлагаат мерки за обезбедување на нивниот квалитет меѓу кои: техничко-технолошки мерки, изградба на целосна канализациона мрежа, редовна контрола на состојбите на водата и нејзиниот квалитет и тн.

Чиста и незагадена **почва** е исто така, еден од важните предуслови за заштита на животната средина. Во таа смисла треба да се обезбеди поголема контрола при употребата на хемиските заштитни средства, материјалите и суровините кои ќе се користат во прометот и работењето на планираните содржини во рамките на градежната парцела.

Заштита од бучава

Заштитата од бучава е регулирана со законски и подзаконски акти: Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.Весник на РМ бр.79/07, 124/10, 47/11).

На локалитетот се планира зона за домување, и објектите не претставуваат потенцијални извори на **бучава**.

При изградба на објектите потребно е да се предвидат технологии и техники кои ќе придонесат за намалување на загадувањето со бука и доведување на истото во законски дозволените мерки.

Прашањето за намалување на проблемите на бучавата од сообраќајницата, треба да се решава со обезбедување на заштитно зеленило покрај истата во рамките на градежната парцела, кое во исто време ќе значи и озеленување и оплеменување на просторот во дворното место.

Третман на отпад

Законот за управување со отпадот (Сл.Весник на РМ бр.68/04, 107/07, 9/11, 51/11) го регулира неопходното и правилно решавање на проблемот со сметот, неговиот плански организиран современ третман на одложување, одвезување и уништување или депонирање, а со цел подобрување на квалитетот на условите за живот и работа односно за заштита на животната средина.

Во рамките на планскиот опфат, имајќи ја во предвид планираната намена, содржини и дејности кои ќе се одвиваат во планираните градби, потребно е обезбедување на услови за соодветно собирање, чување, предтретман, третман, рециклирање или уништување на создадениот комунален **отпад**.

Заради тоа е потребно планско согледување и определување на соодветна локација за депонија како и нејзино организирање и уредување за современ транспорт, третман и уништување на отпадот.

Заштита од природни и технолошки хаварии

Врз основа на загрозеноста на планскиот опфат од природни катастрофи, елементарни непогоди и технички хаварии може да настане повредливост на просторот и неговата физичка структура.

Повредливоста на просторот се одразува на објектите и нивната околина.

1. Повредливост од пожар

При планирање на просторот важни се следните критериуми за заштита од пожар:

- Пристап со возило во градежната парцела;
- Сообраќајните површини да се изведени согласно пропишаните стандарди и нормативи со што се обезбедува движење и дејствување на противпожарно возило, а просторот помеѓу градбите и границата на градежната парцела да е со минимална ширина од 5,0м;
- Во случај на пожар планскиот опфат ќе го опслужува противпожарна единица од Општина Гевгелија;
- За изградба на објектите да бидат користени соодветни материјали со што ќе се елиминира една од причините кои ја зголемуваат нивната повредливост.

2. Сеизмички ризик

Според податоците за сеизмичност на овој локалитет според Меркалиевата скала *можни се земјотреси со јачина до 9^0 степени*, што наложува задолжителна примена на нормативно - правна регулатива за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита.

Дефинирање на сеизмичкиот хазард всушност претставува дефинирање на економско–технички критериуми за прифатливо ниво на безбедност на градежните конструкции односно избор и примена на материјали за нивна изградба.

За да се избегне сеизмичкиот хазард, потребно е сите видови на објекти да се градат асеизмички според пропишани постапки, услови и барања за обезбедување на параметрите и критериумите за физичка градба.

3. Повредливост од урнатини

За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање и во понатамошната разработка со архитектонско - урбанистички проект и основни проекти, треба да се води сметка за следните мерки:

- Градежната линија на планираните површини за градење да е соодветно оддалечена од границата на градежната парцела односно од регулационата линија;
- Планираната височина на градбите да овозможува непречени услови за заштита и спасување во случај на природни и техничко-технолошки хаварии;
- При рушење, објектот да зафаќа Н/2 од површината околу себе, односно рушевините да се во рамките на парцелата;
- Сообраќајната инфраструктура во локалитетот да не биде попречена со рушевини заради несметан пристап на интервентни возила во случај на пожар, потреба од медицинска и прва помош, итн;
- Заради заштита на теренот од можни свлечишта потребно е да се изработат елаборати со геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања врз основа на кои ќе се пропишат соодветни решенија.

4. Мерки за заштита од воени разурнувања

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр.36/04; 49/04; 86/08; 124/10, 18/11 и 93/12) член 64 и Одлуката за утврдување на загрозени зони (Сл. весник на РМ бр.105/05) член 6 и 7, потребите за засолништа и други заштитни објекти, се планираат според потребите за просторно и урбанистичко планирање, а се предвидуваат во просторните и урбанистичките планови.

Изградба на засолништа се утврдува според следните критериуми:

- во деловни објекти на 20 м^2 корисна површина, едно засолнишно место;
- во производни објекти, на 60 м^2 корисна површина, едно засолнишно место;
- во објекти за складирање, на 80 м^2 корисна површина, едно засолнишно место.

Од обврската да се гради засолниште се ослободува инвеститорот во случај:

- кога изградбата на засолништето не е можна поради геолошко – хидролошките карактеристики на земјиштето;
- при изградба на објекти под заштита на Републиката.

Техничко-технолошки несреќи, радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Во рамките на планскиот опфат, доколку во планираните капацитети се одвиваат процеси, дејности и активности кои побаруваат многу енергија, или создаваат голем промет на суровини, материјали и сообраќај, и каде се очекува да предизвикаат поголеми техничко - технолошки несреќи при планирањето и проектирањето мора доследно да се применуваат законските регулативи кои ја регулираат соодветната

проблематика односно да се почитуваат одредбите од Законот за заштита и спасување (Сл.Весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11 и 93/12) и другите позитивни прописи.

9. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на урбанистичкиот план.

9.1. Општите и Посебните услови, текстуалниот дел, графичките прилози и табелите се составен дел на Планската документација на Урбанистички план за село Прдејци, Општина Гевгелија и имаат правно дејство само врз градителска активност која ќе уследи по стапување во сила на урбанистичкиот план.

9.2. Податоците кои се евидентирани на ажурираната геодетска подлога во Документационата основа на УПС, се третираат како постојна состојба.

9.3. Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат на Урбанистички план за село Прдејци, Општина Гевгелија, чии граници се опишани во *точка 2.* од Планската документација, а посебните услови се однесуваат на секоја градежна парцела поединечно.

9.4. Планскиот опфат е организиран во 30 (триесет) единици на градежно земјиште - блокови чии граници се совпаѓаат со осовините на планираните сообраќајници, регулациони линии и граници на градежни парцели, односно, со границите на планскиот опфат.

9.5. Изградбата на нови градби, како и изградбата на планирани сообраќајници и комунална инфраструктура и супраструктура ќе се изведува според важечката законска и подзаконска регулатива, одобрената техничка документација како и важечките технички прописи во урбанизмот и градежништвото, а во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.63/12, 126/12, 19/13).

9.6. Во табеларниот приказ што е составен дел на нумеричките показатели и посебните услови за изградба, прикажани се следните податоци за градежните парцели:

- број на градежна парцела;
- површина на градежна парцела ($м^2$);
- површина за градење ($м^2$);
- процент на изграденост (%);
- вкупна бруто развиена површина по катови ($м^2$);
- коефициент на искористеност на земјиштето (к);
- основна класа на намена на земјиштето и градбите;
- компатибилни класни на намени;
- максимален дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена (%);
- максимален број на катови;
- максимална дозволена висина на венец;
- потребен број на паркинг места во рамките на градежната парцела.

Сите овие услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се одредени согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.63/12, 126/12, 19/13).

9.7. Стационарниот сообраќај - паркирање и/или гаражирање на потребен број моторни возила е планирано во рамките на градежната парцела. Потребниот број на паркинг места ќе се утврди согласно член 59 и член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.63/12, 126/12, 19/13).

Доколку не се обезбеди потребниот број на паркинг места во рамките на градежната парцела не може да се гради максималната планирана висина и катност и максималната планирана површина за градење.

9.8. Широчината, надолжните наклони и радиусите на хоризонталните кривини на рампите за планираните подземни паркинзи да се утврдат во согласност со нормативите од член 60 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.63/12, 126/12, 19/13).

9.9. Со планската документација се одредени следните услови:

• облик и големина на градежна парцела (м²);
• површина за градба со градежни линии кои го дефинираат просторот во кој може да се гради една или повеќе градби - комплекс од градби (м²);
• подземна градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради под нивото на теренот;
• заштитни коридори на инфраструктурни водови - простор во кој не може да се гради;
• процент на изграденост на градежната парцела (%);
• вкупна површина по катови (м²);
• коефициент на искористеност на градежната парцела (к);
• основна класа на намена на земјиштето и градбите;
• можност за избор на една или повеќе компатибилни класи на намени со дефиниран максимален процент на застапеност во однос на основната намена;
• максимална висина на објектот од нулта кота на заштитниот тротоар до максималната висина на венец на градбата (м),
• паркирање на возилата.

9.10. Во градежна парцели во кои се утврдени апроксимативни површини за градење може да се гради една или повеќе градби. Градежната парцела во која ќе се градат повеќе градби (комплекс од градби) да се разработи со Архитектонско - урбанистички проект според претходно дефинирана проектна програма.

9.11. Границата на површината за градење под нивото на теренот (која го вклучува и подземното паркирање) графички е прикажана со испрекината линија. Доколку подземна градежна линија не е графички прикажана, таа се совпаѓа со градежната линија на површината за градење.

9.12. Доколку при реализација на планската документација дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјалната култура на РМ, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.Весник на РМ бр.20/04, 115/07, 18/11 и 148/11).

9.13. Висината на венецот дадена на графичкиот прилог и во табелите е максимална, изразена е во должни метри и се определува од нивото на нивелетата на тротоарот на сообраќајницата или од пристапната патека до завршниот венец на објектот.

9.14. Котата на нулта плоча е висинска кота на плочата на приземјето на објектот во однос на котата на нивелетата на заштитниот тротоар и не се дозволува нејзино поместување под котата на тротоарот односно под котата на пристапната патека.

9.15. Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената и специфичноста на истиот, со максимална височина на слеме од 4,50 м мерена од котата на завршниот венец на објектот.

9.16. За сите трансформаторски станици да се обезбеди пристап на товарно возило за изградба на истите и нивно тековно одржување.

9.17. За 10 kV подземни водови во тротоарскиот дел од сообраќајните површини да се оформат коридори за водење на истата, а во координација со останатите инфраструктурни подземни инсталации

9.18. Условите за изградба на објектите, треба да содржат и посебни услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефон и одводнување на отпадните фекални и атмосферски води.

9.19. Не е дозволено поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации над и непосредно до уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци освен нивно вкрстување. При паралелно поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации со уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци, минималното растојание со нив е регулирано со „услови за полагање на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации" на соодветните Комунални организации, но не помалку од 0,60м односно 1,0м од крајниот раб на водоводот, фекалната и атмосферската канализација. Вертикалното растојание помеѓу нив треба да изнесува мин. 0,50м.

9.20. Телекомуникациските коридори треба да се планираат во површини од тротоари, пристапни улици и пешачките патеки.
За уличните телекомуникациски ормари потребно е да се обезбеди манипулативен простор со димензии од 1,0м x 0,5м.
Бројот и местоположбата на истите ќе се дефинира согласно развојните потреби на мрежата и конкретните услови на теренот, во соработка со стручните служби на надлежната институција.

9.21. Отстапување од подземната градежна линија (апроксимативната површина за градење под нивото на теренот) односно растојание од 3,0м од границата на градежната парцела до подземната градежна линија, да се обезбеди при дефинирање на местоположба на шахтите за изведба на приклучоци или уреди за снабдување со вода, електрична енергија, телефон, гас, топловод, одводнување на отпадните (фекални) и атмосферски води и друго, при разработка на градежната парцела со Архитектонско-урбанистички проект.

9.22. При оформување на содржините во локалитетот се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, со почитување на минималната застапеност на зеленилото во дворните места на градежните парцели и линеарно зеленило (доколку постојат услови за тоа) долж сообраќајниците.
Објектите кои се планирани да се градат на предметниот простор, треба да бидат изведени согласно стандардите и нормативите за проектирање и не смеат да ја нарушат природната рамнотежа на средината.

9.23. Површините наменети во УПС за движење на пешаци, секаде кадешто тоа е можно според конфигурацијата на теренот, да бидат континуирани без скали и со подолжен наклон од 8,33 %, а во спротивно до скалите да се предвиди и рампа со истиот наклон.

9.24. Опремувањето на локалитетот со елементи од урбана опрема треба да се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон, а во согласност со Законот за градење (Сл.Весник на РМ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13).

9.25. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управата на Општината. Локациите мора да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите, а уредени во согласност со оној што ќе го евакуира отпадот во регионална односно општинска депонија.

9.26. При разработка на урбанистичките параметри, за тоа што не е регулирано со овие Услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.63/12, 126/12, 19/13) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл.Весник на РМ бр. 78/06).

9.27. Санитарната вода ќе се обезбеди од Регионалниот водоснабдителен систем спрема условите добиени од овластеното комунално претпријатие

Секоја градба или комплекс од градби, за кои има потреба од водоснабдување, да се поврзе со водоводната мрежа со приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена со сопствената градежна парцела. Приклучокот со примарниот вод да се изврши према важечките стандарди и нормативи за тој вид на инфраструктура.

За намените Г2-лесна индустрија и Г4-стоваришта задолжителен е комплетен третман на отпадните води од сопствениот технолошки процес, а пречистената отпадна вода не смее да биде со понизок квалитет од класата на реципиентот.

Секоја градба, или комплекс, за кои има потреба од одведување на отпадните води да се поврзе со инфраструктурната канализациона мрежа за одведување на отпадните води во приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена на пресекот со осовината на примарниот одводен канал, откако ќе биде извршен третман – пречистување во пречистителна станица, поставена во сопствената парцела.

Доколку за водоснабдување се користат подземните води динамиката на користењето мора да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација, без влошување на квалитетот. Не се дозволува прекумерна експлоатација на подземните води поради кое би дошло до пореметување на режимот на подземните води.

Како реципиент на пречистените отпадни води е предвидена Кованска река.

9.28. Во градежните парцели наменети за домување во станбени куќи со дефи-нирана површина за градење во која може да се гради една или повеќе градби условена е од просторните можности за организација и уредување на стопански двор.

Покрај куќата за живеење, во стопанскиот двор можат да бидат изградени и уредени простори како што се: летна кујна, гаража, простор за колница, трактор, земјоделски машини, работилница, алатница, дрварница; штала за крупен или ситен добиток, свињарник, кокошарник; остава за храна и други преработки, стог за сено, кош, трап, поило, бунар, чешма; овоштарник, градина, пластеник, ѓубриште и друго.

Во градежните парцели наменети за домување во станбени куќи во кои нема услови за организација на стопански двор, може да се гради само една градба.

9.29 ПОСЕБНИ УСЛОВИ ОД АСПЕКТ НА ЗАШТИТА НА ВОДИТЕ

Согласно Законот за води (Сл.Весник на РМ
бр.87/08,06/09,161/09,83/10,51/11,44/12,23/13 и 163/13) треба да се исполнат следните критериуми:

Со површинските води треба да се управува на начин кој обезбедува:

-Избегнување на активности кои предизвикуваат влошување на состојбата на водните екосистеми;

-Добра состојба на водните тела и на водните екосистеми, како и на екосистемите зависни од вода;

За да се заштитат површинските и подземните води од загадување со отпадни води потребно е стриктно спроведување на принципот на заштита на квалитетот на водите на самите извориштa на загадување преку:

-Изградба на сепарациски канализациски систем;

-Изградба на пречистителна станица и испуштање на отпадните води во најблискиот реципиент одкако нивниот квалитет ќе биде доведен во согласност со "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води" и "Уредбата за класификација на водите", (Сл.Весник на РМ бр.18/99).
За заштита на регулираните водотеци треба да се предвиди:

- Заради заштита и спречување на оштетување на водостопанските објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се загрозува стабилноста на одбранбените насипи, да се копа, земја, да се садат дрвја и грмушки, забиваат колци или да се подигаат огради;
- Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци се забранува изградба на постројки и објекти во крајбрежните земјишта;
-Не смее да се менува правецот на водотекот без согласност на Управата за животна средина-сектор за води;
-Не смее да се фрла отпаден материјал (комунален, индустриски отпад, земја, шут, јаловина и др.);
- Не смее да се сечат дрва и друга вегетација од коритата и бреговите на водотеците, без одобрение;
- Се забранува изградба на постројки и објекти или било кои работи и активности што опфаќаат преработка, постапување, складирање, отстранување или транспорт на опасни материи, супстанции и цврст или течен отпад;
-Не смее да се копаат прокопи и канали по должина на насипот на коритото поблиску од 10м од внатрешната страна и 10м од надворешната страна на ножицата на насипот;
-Изведувањето на регулираните водотеци да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците;
- Во крајбрежните земјишта се забранува изградбата на постројки и објекти или било кои работи и активности што опфаќаат преработка , постапување, складирање , отстранување или транспорт на опасни материи и супстанции и цврст или течен отпад ;
- Објектите и постројките коишто во процесот на производство, преработка, полнење и складирање, користат или применуваат опасни материи и супстанции што можат да влијаат врз квалитетот на водата, вклучувајќи и цевководи за транспорт на такви материи и супстанции, се градат, поставуваат, работат и одржуваат на начин што исклучува секакво директно или индиректно загадување на водите;
-Да се спроведат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции.
-Да се вршат и други работи со кои се оштетуваат водостопанските објекти и постројки.

Преминувањето преку водостопанските објекти да биде на определени места без да се блокира природниот тек.

10. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

Посебните услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите се однесуваат на градежните парцели дефинирани со Урбанистички план за село Прдејци, Општина Гевгелија.

БЛОК 1

БЛОК	ПОВРШИНА НА БЛОК ха	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ м2	ПРОЦЕНТ НА ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ НА КЛАСА НА НАМЕНА ВО БЛОК
1	52,200.00	Г2-лесна индустрија	37,952.00	72.70%
		Д2-заштитно зеленило	8,160.00	15.63%
		Е1-комунална инфраструктура	6,053.00	11.60%
		Е2-комунална супраструктура ТС	35.00	0.07%

Намена на земјиштето и градбите:

- **Парцелирано градежно земјиште:**

Г2 – лесна индустрија;
Е2 - комунална супраструктура;

- **Земјиште за општа употреба:**

Д2 - заштитно зеленило;
Е1 - комунална инфраструктура.

Градежна парцела 1.1-1.5

• Намена: Г2 – лесна индустрија со можност за избор на една или повеќе компатибилни класи намени со максимален дозволен процент на учество на збирот на компатибилни класи на намени во однос на основната до 49%, според параметрите дадени во табелата;
• Изградба на нов објект до планираната височина и катност, според параметрите дадени во табелата;
• Максимална дозволена висина на венец и катност според параметрите дадени во табелата;
• За разработка на површината за градење во која може да се градат една или повеќе градби задолжително да се изработи Архитектонско - урбанистички проект според претходно дефинирана проектна програма.
• Паркирањето на потребен број возила да се реши во рамките на градежната парцела;
• Бројот на потребни паркинг места ќе се дефинира со проектана програма во зависност од содржината и потребите на градбата, а ќе се определи согласно член 59 и член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.63/12, 126/12, 19/13).
• Широчината, надолжните наклони и радиусите на хоризонталните кривини на рампите за планираниот подземен паркинг да се утврдат во согласност со нормативите од член 60 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.63/12, 126/12, 19/13).
• Отстапување од подземната градежна линија (апроксимативната површина за градење под нивото на теренот) односно растојание од 3,0м од границата на

градежната парцела до подземната градежна линија, да се обезбеди при дефинирање на местоположба на шахтите за изведба на приклучоци или уреди за снабдување со вода, електрична енергија, телефон, гас, топловод, одводнување на отпадните (фекални и атмосферски) води и друго, при разработка на градежната парцела со Архитектонско - урбанистички проект и/или Основен проект.

- Се задолжува инвеститорот да изврши комплетно пречистување на отпадните води од сопствениот технолошки процес

БРОЈ НА ПАРЦЕЛА	ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНА СОГЛАСНО ТАБЕЛА 2 ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИ И НОРМАТИВИ ЗА УРБ.ПЛАН.	КАТНОСТ	МАКСИМАЛНА ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ м1	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА м2	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА	ВКУПНО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА ПО НИВОА	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ %
1.1	Г2-лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 макс.вк.збир 49%	П; П+1	според АУП (согласно технолошки процес)	5,688	3,982	5,972	1.05	70.00%
1.2	Г2-лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 макс.вк.збир 49%	П; П+1	според АУП (согласно технолошки процес)	10,065	7,046	10,568	1.05	70.00%
1.3	Г2-лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 макс.вк.збир 49%	П; П+1	според АУП (согласно технолошки процес)	7,487	5,241	7,861	1.05	70.00%
1.4	Г2-лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 макс.вк.збир 49%	П; П+1	според АУП (согласно технолошки процес)	7,367	5,157	7,735	1.05	70.00%
1.5	Г2-лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 макс.вк.збир 49%	П; П+1	според АУП (согласно технолошки процес)	7,276	5,093	7,640	1.05	70.00%
1.6	Е2-трафостаница		П	3.00	35	24	24	0.69	68.57%

Градежна парцела 1.6

- Намена: Е2 – трафостаница
- Изградба на нов објект до планираната височина и катност, според параметрите дадени во табелата;
- Максимална дозволена висина на венец и катност според параметрите дадени во табелата;

БРОЈ НА ПАРЦЕЛА	ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНА СОГЛАСНО ТАБЕЛА 2 ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИ И НОРМАТИВИ ЗА УРБ.ПЛАН.	КАТНОСТ	МАКСИМАЛНА ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ м1	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА м2	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА	ВКУПНО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА ПО НИВОА	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ %
1.6	Е2-трафостаница		П	3.00	35	24	24	0.69	68.57%

БЛОК	БРОЈ НА ПАРЦЕЛА	ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	КОЛСКИ ПРИСТАП
1	1.1	Г2-лесна индустрија	ул.Новопланирана 1, 2 ,7
	1.2	Г2-лесна индустрија	ул.Новопланирана 2, 7, 13
	1.3	Г2-лесна индустрија	ул.Новопланирана 2, 13
	1.4	Г2-лесна индустрија	ул.Новопланирана 2
	1.5	Г2-лесна индустрија	ул.Новопланирана 2
	1.6	Е2-трафостаница	ул.Новопланирана 2

9. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на урбанистичкиот план.

9.1. Општите и Посебните услови, текстуалниот дел, графичките прилози и табелите се составен дел на Планската документација на Урбанистички план за село Прдејци, Општина Гевгелија и имаат правно дејство само врз градителска активност која ќе уследи по стапување во сила на урбанистичкиот план.

9.2. Податоците кои се евидентирани на ажурираната геодетска подлога во Документационата основа на УПС, се третираат како постојна состојба.

9.3. Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат на Урбанистички план за село Прдејци, Општина Гевгелија, чии граници се опишани во *точка 2.* од Планската документација, а посебните услови се однесуваат на секоја градежна парцела поединечно.

9.4. Планскиот опфат е организиран во 30 (триесет) единици на градежно земјиште - блокови чии граници се совпаѓаат со осовините на планираните сообраќајници, регулациони линии и граници на градежни парцели, односно, со границите на планскиот опфат.

9.5. Изградбата на нови градби, како и изградбата на планирани сообраќајници и комунална инфраструктура и супраструктура ќе се изведува според важечката законска и подзаконска регулатива, одобрената техничка документација како и важечките технички прописи во урбанизмот и градежништвото, а во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.63/12, 126/12, 19/13).

9.6. Во табеларниот приказ што е составен дел на нумеричките показатели и посебните услови за изградба, прикажани се следните податоци за градежните парцели:

- број на градежна парцела;
- површина на градежна парцела ($м^2$);
- површина за градење ($м^2$);
- процент на изграденост (%);
- вкупна бруто развиена површина по катови ($м^2$);
- коефициент на искористеност на земјиштето (к);
- основна класа на намена на земјиштето и градбите;
- компатибилни класни на намени;
- максимален дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена (%);
- максимален број на катови;
- максимална дозволена висина на венец;
- потребен број на паркинг места во рамките на градежната парцела.

Сите овие услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се одредени согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.63/12, 126/12, 19/13).

9.7. Стационарниот сообраќај - паркирање и/или гаражирање на потребен број моторни возила е планирано во рамките на градежната парцела. Потребниот број на паркинг места ќе се утврди согласно член 59 и член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.63/12, 126/12, 19/13).

Доколку не се обезбеди потребниот број на паркинг места во рамките на градежната парцела не може да се гради максималната планирана висина и катност и максималната планирана површина за градење.

9.8. Широчината, надолжните наклони и радиусите на хоризонталните кривини на рампите за планираните подземни паркинзи да се утврдат во согласност со нормативите од член 60 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.63/12, 126/12, 19/13).

9.9. Со планската документација се одредени следните услови:

• облик и големина на градежна парцела (м²);
• површина за градба со градежни линии кои го дефинираат просторот во кој може да се гради една или повеќе градби - комплекс од градби (м²);
• подземна градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради под нивото на теренот;
• заштитни коридори на инфраструктурни водови - простор во кој не може да се гради;
• процент на изграденост на градежната парцела (%);
• вкупна површина по катови (м²);
• коефициент на искористеност на градежната парцела (к);
• основна класа на намена на земјиштето и градбите;
• можност за избор на една или повеќе компатибилни класи на намени со дефиниран максимален процент на застапеност во однос на основната намена;
• максимална висина на објектот од нулта кота на заштитниот тротоар до максималната висина на венец на градбата (м),
• паркирање на возилата.

9.10. Во градежна парцели во кои се утврдени апроксимативни површини за градење може да се гради една или повеќе градби. Градежната парцела во која ќе се градат повеќе градби (комплекс од градби) да се разработи со Архитектонско - урбанистички проект според претходно дефинирана проектна програма.

9.11. Границата на површината за градење под нивото на теренот (која го вклучува и подземното паркирање) графички е прикажана со испрекината линија. Доколку подземна градежна линија не е графички прикажана, таа се совпаѓа со градежната линија на површината за градење.

9.12. Доколку при реализација на планската документација дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјалната култура на РМ, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.Весник на РМ бр.20/04, 115/07, 18/11 и 148/11).

9.13. Висината на венецот дадена на графичкиот прилог и во табелите е максимална, изразена е во должни метри и се определува од нивото на нивелетата на тротоарот на сообраќајницата или од пристапната патека до завршниот венец на објектот.

9.14. Котата на нулта плоча е висинска кота на плочата на приземјето на објектот во однос на котата на нивелетата на заштитниот тротоар и не се дозволува нејзино поместување под котата на тротоарот односно под котата на пристапната патека.

9.15. Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената и специфичноста на истиот, со максимална височина на слеме од 4,50 м мерена од котата на завршниот венец на објектот.

9.16. За сите трансформаторски станици да се обезбеди пристап на товарно возило за изградба на истите и нивно тековно одржување.

9.17. За 10 kV подземни водови во тротоарскиот дел од сообраќајните површини да се оформат коридори за водење на истата, а во координација со останатите инфраструктурни подземни инсталации

9.18. Условите за изградба на објектите, треба да содржат и посебни услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефон и одводнување на отпадните фекални и атмосферски води.

